Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 358//0306
10.10 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 25.09.2025 година, врз основа на примена жалба од **Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО** од Скопје го донесе следново:

# ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Виена-пример, Софија-аутсајдер!“**, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 23.08.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 16.09.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Виена-пример, Софија-аутсајдер!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија на 23.08.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, непочитување на законите во државата, на говор на омраза и дискриминација и на непочитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека дел од содржината на текстот е неточна, дека станува збор за „шпекулација (дека-н.з.), насловот и текстот се искористени да поттикнат говор на омраза, дискриминација и страв од Република Бугарија и бугарскиот народ, а индиректно и на хрватскиот народ со споменување на пејачот Марко Перковиќ-Томсон преку тврдење дека ги величал усташите, т.е. усташкиот режим преку своите песни, без притоа да наведе наслови од тие песни, што укажува на произволно тврдење“.

Жалителот има забелешки и на фотографијата/илустрацијата на текстот за која смета дека е со намера да се протолкува „дека ЕУ и Бугарија сакаат да ја убијата/уништат Македонија“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Виена-пример, Софија-аутсајдер!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 23.08.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 4 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е анализа, која се однесува на прашањето за односите помеѓу

Северна Македонија и Бугарија, преку пример поврзан со примена на европското право кон фашизмот во Австрија, што значи тема од јавен интерес.

Сепак, анализата треба да се заснова и врз факти, а дел од нив се вадат и од изјави на експерти или познавачи на материјата. Во конкретниот случај текстот завршува со подолга изјава во која има наведено мислење за конкретниот случај со примерот од Австрија и Хрватска, споредбено со Бугарија, односно дали и како бугарските власти се справуваат со современите појави на фашизам во самата Бугарија. Но, и при отворањето на културни клубови во Северна Македонија каде што таквите фашистички пројави ги правеле граѓани на Бугарија.

Бидејќи ова мислење е претставено во медиумот под формулацијата „велат некои од нашите соговорници", Комисијата смета дека не бил испочитуван членот 4 од Кодексот на новинарите на Македонија кој налага новинарот да го назначи изворот во својот текст.

Во добрата новинарска пракса исклучок се прави само доколку изворот од оправдани причини бара да остане анонимен, но и во тој случај, поради кредибилноста на анализата новинарот би требало барем малку поблиску да го лоцира изворот, без притоа да му ја наруши анонимноста.

Комисијата не најде прекршување во однос на други членови на Кодексот, особено не етички пропуст од типот екстремен говор на омраза, дискриминација или други слични форми на изразување. Во текстот во најголем дел се прави разлика помеѓу властите на Бугарија од бугарскиот народ во целина или како дел од малцинство во Македонија.

Од тука, Комисијата смета дека е прекршен член 4 од Кодексот на новинари на Македонија:

**Член 4**

> Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити.

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595